Врз основа на член 383 ст1 т.3. од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на XXIII-та седница одржана на 29.06.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

за избор на член на Надзорен одбор на Друштвото на
"Аутомакедонија" АД Скопје

Член 1.

За член на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје, за период до 27.04.2023 година, додека трае мандатот на другите членови на Надзорниот одбор, се избира:

1. Искра Клинкарова

Член 2.

За членот на Надзорниот одбор се определува месечна награда во износ од 8.000,00 денари.

Член 3.

Се овластува Генералниот директор на Друштвото да ја спроведе постапката за упис преку овластен регистрационен агент.

Член 4.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје согласно Статутот на Друштвото, со одлука на Собрание на акционери избра член на Надзорниот одбор, поради неотповиклива оставка на Кирил Колемишевски - член на Надзорниот одбор, врз основа на што се донесе одлука како во диспозитивот.

*Одлука бр. 02-2166/1-10 / 29.06.2020 година*

"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ
СОБРАНИЕ
Претседавач,

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје